# Томо Владимирски

Почетокот на творештвото на **Томо Владимирски** (1904-1971) се проследуваат во текот на четвртата деценија од ликовната уметност во Македонија – период на нејзиниот развиток – кога не се зборува само за почетоците на современиот ликовен израз кај нас, туку и за пројавување на разновидноста во нејзиното изградување и егзистенција воопшто. Зад пионерите на нашата ликовна уметност: Димитар Пандилов, Никола Мартиноски, Лазар Личеноски и Димо Тодоровски, во третата деценија остана простор за уште неколку негови колеги кои со своите тогаш младешки пориви му се препуштија на предизвикот што го нудеше ликовната уметност.

Деновиве, 25 години по смртта на Владимирски, се сеќаваме на неговото вклучување во нашата тогашна ликовна уметност како еден од повеќето никулци од кои ќе израснат идните вљубеници на колористичката сензација на сликарскиот медиум, впуштени во уметничката авантура, непосредно поврзани и со традицијата, но и преку наслушувањето на сопствените внатрешни импулси и незапирливиот диктат на срцето. И така, токму во таа карактеристична четврта деценија, Владимирски го завршува своето школување во Белград, специјализација во Прага, ги организира своите први изложби, станувајќи неодминлив дел од културниот живот, запаметен по своите пејзажи мотиви од реките Вардар и Радика, и по забележителната сценографска дејност.

С. Ѓ.



Томо Владимирски: Пејзаж од скопската околина, 1940, масло